Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
на општина Центар "Кочо Рацин"
Бр. 01 - 544
19.05 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 60 став 3 од Законот за заштита на децата (Сл. весник на РМ бр. 23/2013,) и член 27 став 1 алинеја 17 од Статутот на Јавната Установа за деца – Детска градинка на Општина Центар – „ Кочо Рацин “- Скопје, Управниот одбор на ЈУДГОЦ ,,Кочо Рацин,, на седницата одржана на ден 19.05. 2014 година , донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈУДГ ОЦ ,,Кочо Рацин ,,- Скопје

**Член 1**

Јавната Установа за деца – Детска градинка на Општина Центар– „Кочо Рацин“ – Скопје ( во понатамошниот текст установа) запишува и прима деца врз основа на пријави во текот на цела календарска година.

Главен прием на деца во установата се врши во втората половина од месец јуни од тековната година.

**Член 2**

Кога во установата има пријавено поголем број деца отколку што има слободни места, за приемот решава Комисија за прием на деца ( во понатамошниот текст : комисија).

Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател, членови и нивни заменици од редот на вработените во установата.

Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата и нивните заменици изнесува 2 (две) години, со можност за повторен избор.

Комисијата ја именува директорот.

**Член 3**

Начинот на работа на Комисијата подразбира разгледување на доставените пријави за прием на деца во установата и нивна селекција според возраста на детето и објектот за кој е поднесена пријавата.

По извршената селекција на пријавите за прием,бројот на ново пријавените деца по воспитни групи и по објекти, Комисијата го додава на бројот на децата кои претходно се згрижени во установата.

По определување на групите и објектите за кои се пријавени поголем број на деца отколку што има слободни места,при утврдување на приоритетот за прием се применуваат следните критериуми:

- време на поднесување на пријавата – време на чекање.......1 бод (елиминационен услов)

- адреса на живеење – улица и број
  - -со место на живеење во Општина Центар и доставени документи за упис до 15/06 за наредната програмска година.........................................................................................4 бода
  - -со место на живеење во Општина Центар и доставени документи за упис после 15/06 за наредната програмска година.........................................................................................2 бода
  - -од други општини ..............................................................1 бод

- еден од родителите вработен на територија на Општина Центар .........................................................................1 бод

- поврзаност – дете чие брат или сестра веќе престојува во установата ..................................................................... 2 бода

- самохран родител................................................................... 3 бода
- родителите да имаат статус на редовни студенти .............. 2 бода
- родители кои се во положба на социјален ризик..................... 1 бод
  ( приматели на социјална помош)

**Член 4**

Родителите се должни при приемот на детето во градинката да приложат потврда од матичниот лекар за здравствената состојба на детето односно наод и мислење од соодветна стручна институција за дете со пречки во менталниот развој или телесна попреченост.

Родителите при доставување на пријавата за упис на детето во Градинката, задолжително во прилог доставуваат и докази за исполнување на критериумите од членот 3 на овој Правилник.

**Член 5**

Комисијата согласно утврдените критериуми одлучува за прием на нови деца за сите објекти кои се во состав на установата .

Комисијата одржува работни состаноци по потреба во зависност од бројот на поднесени пријави за упис.

**Член 6**

Комисијата одлучува и за прием на деца од шест години односно од поаѓање во основно училиште до десет години за време на летниот распуст.

**Член 7**

Комисијата е надлежна да решава и за остварување на правото на партиципација.

**Член 8**

По жалба против решението на Комисијата, решава Градоначалникот на општината во градот Скопје.

**Член 9**

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот на Општина Центар.

Дел.бр.01-544
од 19.05.2014год.

**Управен одбор**
**Претседател**
**Анастас Маленков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општината Центар-Скопје, /„Службен гласник на Општина Центар број 1/06/, градоначалникот на Општина Центар-Скопје, донесе

Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
на општина Центар "Кочо Рацин"
СКОПЈЕ

| Примено: | 25.06.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 01 | 628/2 | | |

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈУДГ ОЦ „Кочо Рацин" Скопје**

Се објавува Одлука за давање согласност на Правилник за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈУДГ ОЦ „ Кочо Рацин"-Скопје.

што Советот на Општина Центар-Скопје, ја донесе на 21-та седница, одржана на 12.06.2014 година.

**Бр.08-3586/9**
**13.06.2014 год.**
**С к о п ј е**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Центар-Скопје**
**Андреј Жерновски**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ

Изготвил: У.Стојанова-Арсова
Контролирал: Г. Мицевски
Согласен: В.Петровски
вѓ/га

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје,/„Службен гласник на Општина Центар-Скопје„ бр. 1/06/ и член 60 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ/„ бр.23/2013), Советот на Општина Центар-Скопје на 21-та седница, одржана на ден 12.06.2014 година, донесе

Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
на општина Центар "Кочо Рацин"
СКОПЈЕ

| Примено: | 25.06.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност: |
| 01 | 628 | | |

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Правилник за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување критериуми за прием на деца во ЈУДГ ОЦ „Кочо Рацин"-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје, ДАВА СОГЛАСНОСТ на Правилник за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување критериуми за прием на деца во ЈУДГ ОЦ „Кочо Рацин"-Скопје, бр.02-544 од 19.05.2014 година, донесена од Управниот одбор на ЈУДГ ОЦ „Кочо Рацин"-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ ОЦ „Кочо Рацин"-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар – Скопје„.

Број 07-3586/8
12.06.2014 год.
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ